**Предмет: Покана**

Почитувани,

Ве покануваме на презентацијата на резултатите од проектот Мониторинг на лидерство, имплементиран од **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД** а финансиски поддржан од Балканскиот Фонд за Демократија од САД.

Ве известуваме дека Институтот ОХРИД ќе одржи финална презентација на последниот, 5 – ти извештај од мониторингот на перформансите на Владата на Република Македонија кој го покрива периодот декември 2007 – јануари 2008 година.

Проектот **„Мониторинг на Лидерство"** вклучуваше детални извештаи за активностите на Владата, наспроти ветувањата направени од владеачката коалиција во текот на кампањата. Извештаите се стремат да дадат една јасна слика на пошироката јавност за планираните, остварените и неостварените реформи на Владата, преку мониторинг базиран на перформанси со конструктивна и компаративна анализа во 11 области од општествениот живот: **фискална и монетарна политика**, **трговија, индустриска и инвестициска политика, финансиски и пензиски систем, економија на знаење, образование, земјоделство, надворешни работи, внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, спорт.**

Последниот извештај воедно преставува и заокружување на целиот проект, со кој се добива една комплетна анализа за периодот септември 2006 – јануари 2008 година.

**Презентацијата ќе се одржи во Холидеј Ин, сала Милениум 1, петок 21-ви март 2008, во 11:30 часот.**

Ве молиме за задолжителна потврда на Вашето присуство на тел/факс: 02/ 322 44 57 или на e-mail: info@oi.org.mk , најдоцна до 20-ти март, 16:00 часот.

Со почит,
М-р Билјана Јанева
Извршен директор


**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk